МЦМС од денес (18.11.2013) започна со издавањето редовни неделни и месечни прегледи на објавени предлог закони на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Ова е дел од планираните активности за следење на отвореноста на процесите за подготовка на закони. Следењето на ЕНЕР се спроведува во рамките на проектот Огледало на Владата што е дел од Програмата на УСАИД за анти-корупција.




Целта е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации да учествуваат во раните фази на подготовката на законите.

Неделниот преглед ќе се објавува секој понеделник и ќе содржи информации за предлог законите објавени на ЕНЕР во претходната недела. Освен тоа, ќе има и директни линкови до објавените закони па граѓаните и граѓанските организации ќе имаат можност да ја продолжат комуникацијата (преку коментирање и давање предлози) за соодветниот предлог закон, директно на самиот сајт на ЕНЕР.

Месечниот преглед ќе се објавува секој 5-ти во месецот и ќе содржи информации за почитувањето и за отстапките од минимално пропишаниот рок од 10 дена за консултации со јавноста (Според Деловникот за работа на Владата, Службен весник на Република Македонија бр. 36/08).

Доколку сакате да ги добивате **неделните** и **месечните прегледи** Огледало на Владата, регистрирајте се на интернет страната
http://ogledalonavladata.mk




Погледнете го Неделниот преглед на отворени закони на ЕНЕР бр. 1 , кој се однесува на периодот од 11 до 17 ноември 2013 г.

Програмата на УСАИД за анти-корупција, ја спроведува МЦМС. Целта на програмата е зголемена информираност и знаење на граѓанските организации и граѓаните за барање отчетност од институциите како и придонес кон нивниот повисок интегритет. Партнери во спроведување на Програмата се Институтот за демократија – Социетас Цивилис, Скопје (ИДСЦС), Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) и Транспарентност Македонија.